**ЗАПИСНИК**
**од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.08.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Методија Јанчески

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред информираше дека насловот на Точката бр.3 ќе се измени и ќе гласи - Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер, затоа што едниот од двата радиодифузери непосредно неколку часа пред започнување на седницата ги подмирил финансиските обврски. Од таа причина предложи под Разно да се додаде нова точка - Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер, наменета за радиодифузерот што го платил надоместокот. Потсети дека тие материјали како што се Предлогот од директорот за запирање на покренатата постапка, Предлог-решението и Известувањето за извршена уплата од Секторот за финансии и логистика се испечатени и поделени на сите членови на Советот. Со оваа постапка не би се изменил предложениот дневен ред.

Г-дин Фиданоски рече дека г-дин Петрушевски како претседател на Советот и претседавач може да вметне точка на самата седница, но прашање е дали ќе биде изгласана или не. Во таа насока смета дека точката за запирање на постапката за одземање на дозволата телевизиско емитување на ТРД ТВ Ускана треба да оди како посебна точка. Како што има предлог за покренување постапка или предлог за одземање, би требало како посебна точка да биде и предлогот за запирање на постапката. Рече дека на овој начин би бил покоректен дневниот ред.

Г-дин Петрушевски рече дека и двете опции му се прифатливи, но смета дека под Разно е попрактично затоа што не би имало потреба да се менува дневниот ред.

Г-дин Трајчев рече дека предлогот на г-дин Фиданоски да има посебна точка е во ред и го поддржува, бидејќи се работи за запирање на веќе покрената постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека го почитува мислењето на г-дин Фиданоски и г-дин Трајчев и ќе го прифати предлогот да се дополни Предлог-дневниот ред со уште една точка, односно по Точка 3 да се додаде Точка 4 - Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер.

Советот на Агенцијата со предлогот за дополнување, едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.08.2018 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер.
3. Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер.
4. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.08.2018 година

Г-дин Фиданоски рече дека во неговата пренесена дискусија ќе предложи техничка корекција на страна 5 од записникот во реченицата во 5-ти ред. Предложи формулацијата „..во можност на конкретна реакција.." да се измени „..во можност за конкретна реакција.."

Советот со корекцијата од г-дин Фиданоски едногласно со 6 гласа „за" го усвои предложениот записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.08.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп, бр. 08-349 од 15.08.2017 година. Објасни дека медиумот не го платил годишниот надоместок. Во материјалите е наведено дека во целост не го платил надоместокот, но пред еден ден тој извршил уплата од 20.000,00 денари. Посочи дека тоа е далеку од потребниот износ кој треба

да го уплати за оваа законска обврска и се надева дека во овој дополнителен рок радиодифузерот ќе ги уплати средствата и нема да ја изгуби дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека состојбата е јасна и Советот ќе постапи онака како што во вакви случаи постапувал за сите радиодифузери подеднакво. Се надева дека по покренување на постапката во рокот од 15 дена кој е законски дефиниран ќе изнајде финансиски можности да го уплати надоместокот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-440 од 29.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп, бр. 08-349 од 15.08.2017 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр. 05-3857/1 од 29.08.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Прилеп, бр. 08-349 од 15.08.2017 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје – во стечај (со претходен назив Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје), бр.08-1063 од 01.10.2015 година. Објасни дека за овој радиодифузер Советот на 34-та седница одржана на 17.08.2018 година покрена постапка поради тоа што не ги исполнуваше минималните кадровски услови, утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Со дописот од стечајната управничка се известува дека таа состојба со само двајца вработени е се`уште непроменета. Од таа причина бидејќи ги прекршува одредбите од ЗААВМУ и од Правилникот се предлага одземање на дозволата. Оваа состојба се провлекува подолго време, а затоа кај дел од ОЈЕКМ е исклучена од реемитување.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот е должен да го спроведе Законот. Повторно рече дека жали за новинарите што останаа без работа и се надева дека во иднина ќе се снајдат. Бидејќи нема друг избор, рече дека одлуката ќе ја стави на гласање.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-431 од 27.08.2018 година и едногласно донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје – во стечај (со претходен назив Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје), бр.08-1063 од 01.10.2015 година, поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-3732/1 од 15.08.2018 година, а во врска со Известувањето бр.03-3848/1 од 27.08.2018 година, односно затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што преставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Се задолжи Секторот за правни работи да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје – во стечај (со претходен назив Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје), бр.08-1063 од 01.10.2015 година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година. Објасни дека утрото радиодифузерот изврши целосна уплата на средствата.

Г-дин Петрушевски рече дека сега се работи за позитивна вест за разлика од претходната. Радиодифузерот обезбедил финансиски средства и се надева дека ќе продолжи да работи во иднина со поголем успех и дека наредната година нема да се соочи со истиот проблем.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-428 од 30.08.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА ЕДЕН ДООЕЛ Тетово, бр.08-354 од 30.06.2016 година, поради извршена уплата во износ од 517.463,00 (петстотиниседумнаесетилјадиичетиристотини шеесетитри) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-3850/5**
**12.09.2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**